# Ceresit

## ПОБРЗО, ПОЧИСТО И ПОЕФИКАСНО ФУГИРАЊЕ!

## CE 60 ФУГ МАСА - ПОДГОТВЕНА ЗА УПОТРЕБА

FAST & EASY




Henkel

## Иновативна, нова генерација на фуг маса!

Достапна во **14** модерни и безвременски нијанси

| Нијанса | Бр. |
|---|---|
| White | 01 |
| Pergamon | 39 |
| Silver | 04 |
| Manhattan | 10 |
| Gray | 07 |
| Cementgray | 12 |
| Antracite | 13 |
| Graphite | 16 |
| Coal | 18 |
| Jasmine | 40 |
| Bahama | 43 |
| Caramel | 46 |
| Toffi | 44 |
| Chocolate | 58 |

Иновативната, подготвена за употреба CE 60 фуг маса е базирана на единствена комбинација на полимерни дисперзии и поставува нов стандард во фугирањето. Производот е веднаш подготвен за употреба, што овозможува брз почеток на работа. Со CE 60 секогаш ќе постигнете долготрајни и врвни резултати. Заборавете на нерамномерни бои на фугите и дамки во споевите. Ceresit CE 60 е идеален избор за сите внатрешни работи, погоден за сите видови керамички плочки и природен камен.





## Квалитет без компромис!

Едноставно мешање, без прашина, без повеќечасовно чекање и без отпад? Звучи невозможно?
Уверете се сами и погледнете ја споредбата помеѓу Ceresit CE 60 фуг масата и цементната фуг маса.

| | Цементна фуг маса | CE 60 – подготвена за употреба |
|---|---|---|
| **Состав:** | комбинација на минерални врзива | единствена комбинација на полимерни дисперзии |
| **Потребна вода за мешање:** | да | не |
| **Начин на мешање:** | со миксер или рачно, многу прашливо | рачно, чисто и без прашина |
| **Време на мешање:** | околу 5 минути (2 мешања со време на врзување помеѓу) | помалку од 30 секунди |
| **Време на чистење:** | 5–45 минути, во зависност од видот на плочките | без чекање, чистење во рок од 10 минути по нанесувањето |
| **Број на циклуси на чистење:** | 2 до 3 + 1 наредниот ден | 1 до 2 |
| **Проодност:** | околу 8–12 часа | околу 24 часа |
| **Целосна носивост:** | 7 дена | 7 дена |
| **Време на обработка:** | 20–90 минути | неограничено (нема време на обработка) |
| **Повторна употреба на производот:** | не | да |
| **Потрошувачка:** | 0,5 kg/m² | 0,35 kg/m² |
| **Поправка на грешки при фугирање:** | да, но со висок ризик од нерамномерна боја | да, со целосно рамномерна боја и по повеќе години |
| **Хомогеност на површината:** | благи неправилности | многу хомогена |
| **Изедначеност на бојата:** | зависи од производната серија и вештината на изведувачот | 100% хомогена и постојана боја |
| **Ризик од сенчење:** | висок | без сенчење |
| **Ризик од дисколорација:** | висок | нема дисколорација |
| **Ризик од дамки:** | висок | многу низок |
| **UV отпорност:** | не | да* |
| **Отпад:** | висок | низок |

### Погледнете уште предности!

Доколку сакате да видите како CE 60 функционира во споредба со цементните фуг маси, скенирајте го QR кодот и погледнете кратко видео.




*тестирано според стандард ISO 16474-3

# КАКО СЕ КОРИСТИ

1


Отворете ја кантата.

2


Кратко **промешајте ја содржината** со шпакла или мистрија **до изедначена конзистенција, не подолго од 30 секунди.**

3


**Фугирајте најмногу 2 m² одеднаш.** Нанесете ја масата со гумена глетерка и веднаш отстранете го вишокот материјал.

4


**Исчистете ја површината со топла вода во рок од 10 минути по нанесувањето.** Прво внимателно исчистете ја целата површина со влажен сунѓер, а потоа отстранете ги остатоците од фуг масата од површината на плочките. Користете што е можно помалку вода за да избегнете оштетување на површината. Не притискајте премногу на споевите. Работете на помали површини (макс. 2 m²): нанесете ја масата, обликувајте ги фугите, исчистете и преминете на следната површина, повторувајќи ја истата постапка.

5


Започнете со чистење ВЕДНАШ, најдоцна во рок од 10 минути. Во случај на формирање на слој, специјално средство за чистење може да се користи по најмалку 24 часа.

6


Затворете ја кантата, **преостанатата фуг маса може повторно да се користи.**









НАПОМЕНА! Се препорачува работа во вертикални ленти за да се избегне продирање на вода во неисполнетите фуги за време на процесот на миење.

# ЗЛАТНИ СОВЕТИ

### 1. НЕ СЕ НАНЕСУВА НА ИСТ НАЧИН КАКО ЦЕМЕНТНА ФУГ МАСА

CE 60 не е само нов производ, туку целосно нова технологија. Нанесувајте ја со гумена глетерка со кратки движења, оставајќи минимална количина маса на плочките.

### 2. КОРИСТЕТЕ МАЛА КОЛИЧИНА НА ПРОИЗВОД ПРИ НАНЕСУВАЊЕ

На глетерката нанесете мала количина фуг маса и при работа фокусирајте се на пополнување само на фугите, со што помал нанес на површината на плочките.

### 3. ИСЧИСТЕТЕ ЈА НАНЕСЕНАТА ФУГ МАСА ВЕДНАШ, НАЈДОЦНА 10 МИНУТИ ПО НАНЕСУВАЊЕТО

Започнете со чистење на плочките ВЕДНАШ, односно најдоцна 10 минути по нанесувањето, за да избегнете задржување на остатоци од масата на површината.

### 4. НЕ ДОДАВАЈТЕ ВОДА

Никогаш не додавајте вода во фуг масата CE 60. Хомогенизирајте го производот рачно, со шпакла или мистрија.

### 5. НАНЕСУВАЈТЕ ЧЕКОР ПО ЧЕКОР И НА МАЛИ ПОВРШИНИ – НАНЕСЕТЕ, ОБЛИКУВАЈТЕ, ИСЧИСТЕТЕ

Нанесете фуг маса на помала површина (макс. 2 m²), обликувајте ги фугите, исчистете (најдоцна во рок од 10 минути) и преминете на следната површина, повторувајќи ја истата постапка.

### 6. ЧИСТЕТЕ СО ВЛАЖЕН, А НЕ СО ПРЕМНОГУ МОКАР СУНЃЕР

Не го навлажнувајте сунѓерот премногу, бидејќи преголема количина вода може да го оштети производот.

### 7. КОРИСТЕТЕ ТОПЛА ВОДА ПРИ ОБЛИКУВАЊЕ – ГО ОЛЕСНУВА РАБОТЕЊЕТО

Обликувањето е полесно со топла вода. Студената вода го продолжува процесот на врзување.

### 8. ЗА ВТОРО ЧИСТЕЊЕ КОРИСТЕТЕ ЧИСТА ВОДА

За да постигнете чиста површина без остатоци, при второто чистење сменете ја водата.

### 9. ОТСТРАНЕТЕ ГИ ОСТАТОЦИТЕ СО ТОПЛА ВОДА

Доколку на плочките се појават остатоци и 1 час по чистењето, навлажнете ги со топла (не врела) вода, оставете неколку минути и повторно исчистете.

### 10. СКЕНИРАЈТЕ ГО QR КОДОТ ЗА ВИДЕО „КАКО СЕ КОРИСТИ“

Погледнете видео кое детално ги прикажува сите аспекти на работа со Ceresit CE 60 фуг масата. Колку сте подобро информирани, толку подобри резултати ќе постигнете.

www.ceresit.mk
Ceresit
ceresitmakedonija
ceresitmakedonija

**#ГРАДИМЕЗАЕДНО**

### ДО 3 ПАТИ ПОБРЗО ФУГИРАЊЕ

**Работите се завршуваат побрзо** со CE 60 фуг масата. Побрзото мешање и чистење, пократкото време на чекање и полесното обликување овозможуваат и до 3 пати побрзо фугирање во споредба со цементните фуг маси.

### 100% загарантирана стабилност на бојата

Благодарение на иновативната формула која не бара мешање со вода, може да бидете сигурни дека бојата на фугите ќе ги исполни вашите очекувања. Заборавете на нерамномерност на бојата и дисколорација. **Ceresit CE 60 обезбедува 100% хомогена и постојана боја со години.**

### Подготвена за употреба и повторно користење

**Секогаш подготвена за употреба и може повторно да се користи.** По фугирањето затворете ја кантата и преостанатата маса искористете ја подоцна.

### Корекција на грешки при фугирање

Со CE 60 е **можно дополнително да се коригираат грешките.** Поправките нема да бидат видливи, бидејќи CE 60 секогаш има иста боја, што овозможува **целосно невидливи корекции.**

### Исклучителна отпорност на дамки

CE 60 има хидрофобни својства и густа структура која спречува продирање на нечистотии во фугите.

### Висока отпорност на абење

Подобрената издржливост на полиуретанскиот полимер во комбинација со цврстата структура на кварцниот песок и обезбедува на CE 60 исклучителна отпорност на абење и гребење. **Одличната заштита од механички оптоварувања** гарантира долготрајност на производот.

### Не е потребна вода за мешање

CE 60 е готова маса за фугирање – без прашина и без губење време.

### Одржливост

Како готова маса за фугирање, CE 60 **значително ја намалува потрошувачката на вода.** Амбалажата е изработена од **55% рециклирани материјали.**